**Одговор на забелешки**
**на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На Нацрт извештајот од извршената ревизија на успешност на тема: „Ефикасност од доделените концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија во Република Македонија, примени се забелешки од Министерството за животна средина и просторно планирање и од Министерството за економија. Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките и по истите се произнесе како што следува:

**Министерството за животна средина и просторно планирање**

Забелешките се примени ден 18.12.2012 година под архивски број 18 126/20, од министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, од 14.12.2012 година, под број 22-11860.

Забелешката на ревизорскиот наод во **точка 2.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на застојот во реализација на договорите за концесија, а особено за исполнување на обврската за отпочнување со изградба на објектите во рок од една година, што влијае на исполнување на обврската од договорот на изградбата на малите хидроелектрани да заврши во рок од 3 година **не се прифаќа**. Дадените забелешки кои се однесуваат на законскиот рок од 15 дена за издавање на Решение за услови за планирање што се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, ревизијата ги имаше во предвид. Во дел од доставените забелешки, одговорното лице ги истакнува причините за утврдените состојби. Потребно е да се истакне дека овластениот државен ревизор со констатацијата во овој наод имаше за цел да укаже на потребниот број на документи и дозволи кои концесионерот согласно законските одредби треба да ги обезбеди што влијае на пролонгирање на рокот на изградба на објектот да заврши во рок од 3 години. Меѓу набројаните документи и акти е и Решението за услови за просторно планирање за кое законодавецот предвидел 15 дена.

**Министерството за економија**

Забелешките се примени ден 31.12.2012 година под архивски број 17 122/16, од министерот на Министерството за економија, под број 12-9746/5 од 26.12.2012 година. Државниот инспекторат за техничка инспекција, нема забелешки на Нацрт извештајот.

1. Забелешките на наодот во **точка 1.1.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на формирањето на Советот за јавно приватно партнерство претставува **известување** дека неговото формирање е во завршна фаза и се очекува до крајот на годината истиот да биде основан и да отпочне со своите активности.

2. Забелешките на наодите во **точка 1.4.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на обврската на Министерството за економија да отпочне со воспоставување и водење на регистар за доделени договори за јавно приватно партнерство, претставува **известување** за преземените активности за реализација на оваа обврска.

3. Забелешките на наодот во **точка 2.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на нецелосно исполнување на обврската на Концедентот да врши надзор на сите фази од изградба и експлоатација на објектот претставува **известување** дека дадената препорака за надминување на утврдената состојба согласно измените на Законот за водите, ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 83/10, 53/11 и 44/12), во име на Концедентот би требало да ја спроведе односно е во надлежност на Министерството за животна средина.